**ООУ„БРАТСТВО ЕДИНСТВО“ - ОХРИД**

Врз основа на член 60 и член 63 став 3 и став 4 од Законот за основно образование (Сл весник на РСМ161/2019 год) ООУ Братство Единство – Охрид на ден 19.04.2021 год. го објавува следниов:

**О Г Л А С**

ЗА УПИС НА ДЕЦА ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 год.

- Уписот на учениците во прво одделение ќе се врши во периодот од 03.05.2021 заклучно со 30.05.2021 год.
- Законски обврзници се децата родени 2015 год. според член 60 од Законот за основно образование - односно деца кои до 31.12.2021 год. полнат 6 години.
- По исклучок од ставот 4 на овој член, детето може да се запише во прво одделение, доколку наполни шест години до 31.01.2022г. (односно родени јануари 2016 год.), по предходно доставување на барање од родителот и добиено мислење од педагог и психолог од училиштето.

**Потребни документи за упис во прво одделение:**

1. Извод од матична книга на родени/оргинал или копија
2. Медицинска потврда за примени задолжителни вакцини издадена од надлежна здравствена установа
3. Потврда за извршен стоматолошки преглед издадена од надлежна здравствена установа
4. Потврда за офталмолошки (очно) преглед издадена од надлежна здравствена установа

Доколку родителот/старателот не е во можност да достави потврда од стоматолошки и офталмолошки преглед, потребно е да го достави упатот од закажаниот преглед, а потврдата да ја достави најдоцна до почетокот на учебната година.

При запишување на дете со попреченост во прво одделение родителот/старателот е должен да достави и мислење/ функционален профил од Комисијата за проценка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ. (телефон за закажување на МКФ проценка 02 6091752)

**Документите можат да се достават:**

- Електронски преку апликацијата **www.uslugi.gov.mk**
- Во училиштето секој работен ден од 09:00 до 13:30 часот во периодот 03.05.2021 – 30.05.2021

Телефонски или при самиот упис ќе биде закажан и термин за набљудување на детето.

19.04.2021 Директор

Охрид Џемал Мехмед